

## ОТЕШЕВО – ПРВОТО ЛЕТОВАЛИШТЕ ВО ПРЕСПА

**Во аналите на туризмот на Македонија е запишано дека Отешево некогаш беше втор туристички центар, после Охрид. Отешево, Царина, Стење и Коњско со својата местоположба, езерскиот брег, климатските услови и бројните туристички капацитети се пријатни места за одмор**

Отешево и Царина се пријатни и убави летувалишта на северниот брег на Преспанското Езеро и едни од најпознатите во Македонија. Уште повеќе, Отешево е и првата туристичка населба што во Преспа е изградена по Втората светска војна. Ова пријатно катче за одмор и рекреација е оддалечено околу петнаесетина километри од Ресен и од месноста „Макази“. Тоа се наоѓа на јужната страна на Преспанското Езеро, а е сместено во подножјето на живописната планината Галичица, која го дели од Охридското Езеро.

Во минатото, овој значаеен регион на Преспа беше составен од многу вили и хотели кои се протегаа покрај езерскиот брег, скриени во дабовата шума. Во аналите на туризмот на Македонија е запишано дека Отешево некогаш беше втор туристички центар, после Охрид, кога во Преспа имаше над 7.000 легла.

За жал, денес тој број е рапидно намален, а е намален и бројот на гостите во Преспа. На тоа минато време, денеска потсетува и честа ја спасува единствениот хотел „Езерски поглед“, со педесетина легла, обновен со парите и љубовта на повратниците од Њу Џерси, САД, семејството на Љубен Нечовски. Нешто останало од некогашниот голем автокамп, а речиси ништо, освен разурнатите и голи ѕидови на некогашниот убавец, опожарениот хотел „Европа“.

Инаку, туристичко-угостителскиот комплекс е именуван по селото Отешево, чие име, веројатно дошло од латинскиот збор „отиш“ – влажно место, што навистина се совпаѓа со положбата на местото каде е сместено Отешево, во чија близина се откриени стари римски гробови. Една друга легенда вели дека Отешево го добило името по некој човек по име Отиш кој во минатото прв се доселил на тие простори. Но тоа се само легенди, а вистината е дека Отешево е мирно и убаво катче за одмор и рекреација, познато и признато во Македонија и пошироко.



*Отешево*

Инаку, Отешево, Царина, Стење и Коњско со својата местоположба, езерскиот брег, климатските услови и бројните туристички капацитети се едни од најпознатите туристички дестинации во Македонија и пошироко. Затоа тие остана како туристичка ѕвезда за Преспа и за Македонија.

Меѓу другото, Отешево е местото каде постои Завод за рехабилитација од респираторни заболувања, каде што успешно закрепнуваат пациенти од Македонија и од странство. Исто така, Отешево е надалеку познато по одржувањето на Ресенската керамичка колонија, единствена од ваков вид во Македонија, која е сместена во

атрактивниот амбиент на Ателјето недалеку од брегот на Преспанското Езеро. Таа се одржува секоја година во август, на која земаат учество голем број уметници – домашни и странски керамичари, за потоа нивните експонати да бидат изложени во галеријата во Домот на културата „Драги Тозија“ во Ресен.

Треба да се спомене дека кај селото Отешево во месноста „Ломје“ на 2 август 1943 година се одршал познатиот Преспанскиот состанок на ЦК на КПМ, кој придонесол за разгорување на народно-ослободителното движење на поширок план во Македонија. На тој состанок учествувале највисоки воени и политички раководители од тој период, а биле донесени судбоносни одлуки за натамошниот тек на НОВ и ПОМ, се' до заседанието во Прохор Пчињски и поставувањето на вечните темели на македонската денешна држава.

Меѓу другото, било одлучено: прераснување на партизанските одреди во воени единици; интензивирање на изградбата на народната власт; организационо зајакнување и проширување на организациите на КПМ и СКОЈ; усвојување платформа на НОВ на Македонија и друго. Во спомен на Преспанското советување, во атарот на Отешево, а едно видно место е подигнат споменик од армиран бетон, кој архитектонски можеше да се стави во редот на Могилата во Прилеп. За жал, денес никој не го посетува и не го одржува.










**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**